**Информација во врска предлагање на нови точки на дневен ред и предлагање одлуки**

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

Барањето за вклучување на нови точки во дневниот ред на собранието, односно барањето предлагањето на одлуки за усвојување, се испраќаат во писмена форма до Одборот на директори на друштвото, на адресата на седиштето на друштвото (ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, ул. 1 бр. 25, н.м. Миладиновци, Илинден, со назнака „за Собрание-Барање за вклучување на нови точки во дневниот ред/предлагање одлуки), најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за одржување на седница на собранието. Барањето мора да биде доставено со препорачана пратка или на друг начин кој овозможува следење на пратката и потврда на денот на прием во друштвото (во затворен коверт), или да биде доставено лично во архивата на друштвото.

Барањето поднесено од акционерот-физичко лице, мора да биде потпишано лично од акционерот и да ги содржи најмалку следните податоци: полно име и презиме, адреса на живеење и бројот на акции со право на глас кои ги поседува.

Барањето поднесено од акционерот-правно лице, мора да биде потпишано лично од застапникот по закон и да содржи печат на друштвото и најмалку следните податоци: полн назив на акционерот, седиште, ЕМБС и бројот на акции со право на глас кои ги поседува, како и полно име и презиме на застапникот по закон.

Барањето поднесено од група на акционери, мора да ги содржи соодветните елементи наведени погоре за секој од акционерите-подносители на барањето.

Кон барањето акционерот, односно акционерите се должни да достават соодветна документација од која ќе може да се утврди идентитетот на акционерот, односно акционерите и исполнетоста на условот за поседување најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, и тоа:

1. Извод од сметката издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност, со информација за бројот на акции кои ги поседува секој од акционерите-баратели, во оригинал, не постар од 3 (три) дена
2. Копија од валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош)[1] за секој од акционерите-физички лица, односно за овластеното лице-законски застапник, за акционер-правно лице

[1] Доставениот примерок од документот за лична идентификација ќе биде уништен веднаш по завршување на седницата на собранието, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и интерните процедури на друштвото

3. За акционер-правно лице, Тековна состојба издадена од Централниот регистар, во оригинал или препис заверен кај нотар (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал) или друг соодветен документ издаден од овластен орган во странската држава каде што се наоѓа седиштето на акционерот, во фотокопија и превод од овластен судски преведувач, заверен кај нотар, во оригинал (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал). Доколку Тековната состојба, односно соодветниот документ од странска држава се постари од 30 (триесет) дена, акционерот е должен да достави писмена изјава, на македонски или на англиски јазик, со печат на друштвото и потпис на застапникот по закон, дадена под полна кривична, материјална и морална одговорност, дека податоците наведени во документот се актуелни и непроменети